РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА АДМИНИСТРАЦИЈА

# Билтен на месечни активности за месец декември 2018

јануари, 2019

# Содржина

Постапки за селекција на кандидати за вработување и унапредување на административни службеници ........ 1

Испит за административно управување ........ 2

Постапување по жалби и приговори на административните службеници во втор степен ........ 3

Соработка со други институции и меѓународна соработка ........ 3

Комуникација со корисници на услуги преку електронска контакт адреса ........ 5

Јавни набавки ........ 5

Реализација на буџет ........ 6

# Постапки за селекција на кандидати за вработување и унапредување на административни службеници

Во Агенцијата за администрација во месец декември 2018 година, примени се 111 барања за објавување на јавен оглас за вработување на административни службеници, запрени се 4 барања, објавени се 97 огласи, за вкупно 374 работни места за 385 извршители. За институциите од централната власт објавени се 52 јавни огласи за 260 работни места со 271 извршители, додека за институции од локалната власт објавени се 45 јавни огласи за 114 работни места со 114 извршители. На објавените огласи пријавени се 1010 кандидати, од кои 841 на огласи за институциите од централна власт, а 169 кандидати се пријавени за институциите од локалната власт.

<table>
<tr><th>Примени барања</th><th>Запрени барања</th><th>Објавени огласи</th><th>Вкупно</th><th colspan="5">Институции од централната власт</th><th colspan="5">Институции од локалната власт</th></tr>
<tr><td rowspan="2">111</td><td rowspan="2">4</td><td rowspan="2">97</td><td rowspan="2">/</td><td>број на огласи</td><td colspan="4">категории на работни места</td><td>број на огласи</td><td colspan="4">категории на работни места</td></tr>
<tr><td></td><td>раководни</td><td>стручни</td><td>помошно-стручни</td><td>Вкупно</td><td></td><td>раководни</td><td>стручни</td><td>помошно-стручни</td><td>Вкупно</td></tr>
<tr><td colspan="3">Работни места</td><td>374</td><td rowspan="3">52</td><td>51</td><td>165</td><td>44</td><td>260</td><td rowspan="3">45</td><td>25</td><td>66</td><td>23</td><td>114</td></tr>
<tr><td colspan="3">Извршители</td><td>385</td><td>51</td><td>175</td><td>45</td><td>271</td><td>25</td><td>66</td><td>23</td><td>114</td></tr>
<tr><td colspan="3">Број на пријавени кандидати</td><td>1010</td><td>76</td><td>695</td><td>70</td><td>841</td><td>22</td><td>102</td><td>45</td><td>169</td></tr>
<tr><td colspan="3">Завршиле со објавување на Одлука за избор</td><td>44</td><td>25</td><td>11</td><td>52</td><td>5</td><td>68</td><td>19</td><td>14</td><td>26</td><td>6</td><td>46</td></tr>
</table>

*Табела 1. Јавни огласи декември 2018*

Во истиот период спроведени се 52 административни селекции за пријавени 1653 кандидати, спроведени се 48 испити на кои што се поканети 1645 кандидати, од кои полагале 422 кандидати, проверки на веродостојност на докази и интервју се спроведени на 44 огласи за 287 кандидати. Изработени се конечни ранг листи за 43 огласи и предлог за избор на 172 кандидати, а објавени се 114 одлуки за избор на кандидати за вработување од 44 огласи.

<table>
<tr><th colspan="2">Административни селекции</th><th colspan="3">Спроведени Испити</th><th colspan="2">Спроведени проверки на веродостојност на докази</th><th colspan="2">Интервјуа</th><th colspan="2">Конечни ранг листи</th><th colspan="2">Примени и објавени Одлуки за избор</th></tr>
<tr><td rowspan="2">огласи</td><td rowspan="2">кандидати</td><td rowspan="2">огласи</td><td colspan="2">кандидати</td><td rowspan="2">огласи</td><td rowspan="2">кандидати</td><td rowspan="2">огласи</td><td rowspan="2">кандидати</td><td rowspan="2">огласи</td><td rowspan="2">кандидати</td><td rowspan="2">огласи</td><td rowspan="2">кандидати</td></tr>
<tr><td>поканети</td><td>полагале</td></tr>
<tr><td>52</td><td>1653</td><td>48</td><td>1645</td><td>422</td><td>44</td><td>287</td><td>44</td><td>172</td><td>43</td><td>172</td><td>44</td><td>114</td></tr>
</table>

*Табела 2. Спроведени активности по огласи во декември 2018*

Во Агенцијата за администрација во месец декември 2018 година, примени се 48 барања за објавување на интерен оглас за унапредување на административни службеници, објавени се 49 огласи, за вкупно 177 работни места за 182 извршители. За институциите од централната власт објавени се 28 интерни огласи за 123 работни места со 125 извршители, додека за институциите од локалната власт објавени се 21 интерни огласи за 54 работни места со 57 извршители.

<table>
<tr><th>Примени барања</th><th>Запрени барања</th><th>Објавени огласи</th><th>Вкупно</th><th colspan="5">Институции од централната власт</th><th colspan="5">Институции од локалната власт</th></tr>
<tr><td rowspan="2">48</td><td rowspan="2">/</td><td rowspan="2">49</td><td rowspan="2">/</td><td>број на огласи</td><td colspan="4">категории на работни места</td><td>број на огласи</td><td colspan="4">категории на работни места</td></tr>
<tr><td></td><td>раководни</td><td>стручни</td><td>помошно-стручни</td><td>Вкупно</td><td></td><td>раководни</td><td>стручни</td><td>помошно-стручни</td><td>Вкупно</td></tr>
<tr><td colspan="3">Работни места</td><td>177</td><td rowspan="2">28</td><td>38</td><td>76</td><td>9</td><td>123</td><td rowspan="2">21</td><td>18</td><td>27</td><td>9</td><td>54</td></tr>
<tr><td colspan="3">Извршители</td><td>182</td><td>38</td><td>78</td><td>9</td><td>125</td><td>19</td><td>29</td><td>9</td><td>57</td></tr>
</table>

*Табела 3. Интерни огласи декември 2018*

# Испит за административно управување

Во текот на месец декември 2018 година, спроведени се 8 испити за административно управување и испратени се 4 Известувања до Министерството за информатичко општество и администрација за резултатите од полагањето на испитот. На спроведените сесии за административно управување, пријавени беа 157 кандидати. Од нив на испитот се појавија 102 кандидати, од кои што испитот го положија 69 кандидати или 68%. Од кандидатите кои што полагале, 110 се вработени во јавен сектор, 24 во приватен сектор, додека 22 од пријавените кандидати се невработени.

| Спроведени испити | Пријавени кандидати | Присутни на испит | положиле | неположиле | јавен сектор | приватен сектор | невработен |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 8 | 157 | 102 | 69 | 33 | 110 | 24 | 22 |

*Табела 4. Административно управување декември 2018*

# Постапување по жалби и приговори на административните службеници во втор степен

До Комисијата за одлучување по жалби и приговори на административните службеници во втор степен во текот на месец декември 2018 година, беа поднесени 76 жалби. Во тековниот месец Комисијата одржа 7 седници, обработи 58 жалби, од кои 47 жалби се од државни службеници и 11 жалби од јавни службеници. Од вкупниот број на обработени жалби и приговори од државните службеници уважени 15, одбиени 21, отфрлени како недозволени 9 и мериторно уважени 2 жалби.

Од вкупниот број на обработени жалби и приговори од јавните службеници уважени 2, одбиени 2, отфрлена како недозволена 1, ненадлежност 4, мериторно одбиена 1 и повлечена од подносител 1 жалба.

| Број на примени жалби и приговори | | Број на обработени жалби и приговори државни (Д) и јавни службеници (Ј) | | уважени | | одбиени | | отфрлени како недозволени | | отстапени на друг орган | | повлечени од подносител | | не надлежност | | мериторно уважени | | мериторно одбиени | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Д | Ј | Д | Ј | Д | Ј | Д | Ј | Д | Ј | Д | Ј | Д | Ј | Д | Ј | Д | Ј | Д | Ј |
| 60 | 16 | 47 | 11 | 15 | 2 | 21 | 2 | 9 | 1 | / | / | / | 1 | / | 4 | 2 | / | / | 1 |

*Табела 5. Обработени жалби во декември 2018*

# Соработка со други институции и меѓународна соработка

Агенцијата за администрација во текот на месец декември 2018 година оствари соработка со институциите во јавниот сектор за што има обработено 28 предмети, од кои 8 се однесуваат на тековното работење на Агенцијата за администрација, а останатите 20 предмети се поврзани со надлежностите на Агенцијата, а се доставени од државни институции, судови, адвокати, граѓани и други, и тоа: Државно правобранителство на Република Македонија (6), Управен суд (4), Влада на Република Македонија – Генерален секретаријат (1), Министерство за финансии (1), Општина Велес (1), Општина Струга (1), адвокати (4) и граѓани (2).

Во периодот од 30.11 до 02.12.2018 година во хотел Молика-Пелистер беше одржана колективна обука за вработените во Агенција за администрација на следните теми „Решавање на проблеми и донесување на одлуки“ и „Стратешко планирање“.

Вработени од Агенцијата во текот на месец декември 2018 година присуствуваа на следните настани:

- Едукација за јавни набавки, Скопје, 05.12.2018 година, Биро за јавни набавки;

- работилница на тема: "Пишување на извештаи на независните институции" - Скопје, 11-12 декември 2018 година, ОБСЕ-Мисија во Скопје;

- конференција на тема: „Итни реформски приоритети: Зајакнување на институционалната рамка во борба против корупцијата", Скопје, 12 декември 2018 година, USAID, Платформи на граѓански организации за борба против корупцијата;

- Годишен ребрифинг за 2018, Дирекција за безбедност на класифицирани информации, 13.12.2018 година;

- промоција: Промовирање на првата публикација на ПРКОС-Скопје, 15.12.2018 година;

- советување за јавни набавки и новиот нацрт-закон, 15 декември, АЦТ Доо Скопје.

- семинар: „Одржување на договорот за вработување со отказ од страна на работникот и од страна на работодавачот-дозволеност и забрана на отказ, причини и услови за отказ, основи за престанување на важноста и за прекин на договорот за вработување, неосновани причини за престанок на работниот однос, мирување на правата и обврските од договорот за вработување, разлики помеѓу додатоци и надоместоци на плата, работно време, скратено работно време, распределба на работното време, прекувремена работа, работа во смени, ноќна работа", Стопанска комора, 17.12.2018 година;

- работилница за воспоставување на развиена кохерентна институционална поставеност на органите на државната управа, агенциите и инспекциските служби од централна власт, Клуб на пратеници, 20 декември 2018 година, МИОА;

- интерактивна обука од областа на јавните набавки на тема: „Новини во правилата и политиките за јавните набавки – како со нив ќе се надминат постојаните проблеми, 20 декември, Симпозиум;

- Семинар за секретарки и асистенти, 20 декември, Мотива;

- Обука на тема „Стандарди за менаџмент со човечки ресурси", 21 декември, Институт за стандардизација;

- Обука на тема „Нов Закон за данок на личен доход Измени и дополнувања во Законот за данок на добивка, Измени и дополнувања во Законот за регистрирање на готовински плаќања, Измени и дополнувања во Законот за УЈП", 27 декември, Концепт, Институт за бизнис кооперативно образивание;

# Комуникација со корисници на услуги преку електронска контакт адреса

На службената контакт е-маил адреса на Агенцијата, пристигнати се 107 е-маил пораки во форма на прашања од заинтересирани граѓани, од кои што на 82 е одговорено, а на 25 не е одговорено.

# Јавни набавки

Во текот на месец декември 2018 година, утврдена е потреба од започнување на 4 постапки за јавни набавки за кои се донесени одлуки за јавни набавки, објавени се 4 огласи за јавни набавки на ЕСЈН, донесени се 3 одлуки за избор на најповолен понудувач и склучен е 1 договор за јавна набавка со вкупна вредност од 33.539,00 денари без ДДВ, односно 39.576,00 денари со ДДВ.

| Број на донесени Одлуки за јавни набавки | Објавени огласи на ЕСЈН | Број на донесени Одлуки за избор | Број на склучени договори |
|---|---|---|---|
| 4 | 4 | 3 | 1 |

*Табела 6. Јавни набавки декември 2018*

# Реализација на буџет

Во месец декември 2018 година реализацијата на буџетот е прикажана во следната табела:

| Ставка | Буџет 2018 година | Реализација на буџетот до 31.12.2018 | Реализација на буџетот од 01.12.2018 - 31.12.2018 | Преостанат буџет на располагање до 31.12.2018 |
|---|---|---|---|---|
| **401–основни плати** | 21.247.000,00 | 21.045.416,00 | 1.801.630,00 | 201.584,00 |
| **402-придонеси за социјално осигурување** | 7.923.000,00 | 7.784.410,00 | 666.764,00 | 138.590,00 |
| **420-патни и дневни расходи** | 195.000,00 | 69.967,00 | 0 | 125.033,00 |
| **421-комунални услуги, греење, комуникација и транспорт** | 2.493.000,00 | 2.340.203,00 | 195.621,00 | 152.797,00 |
| **423-материјали и ситен инвентар** | 360.000,00 | 355.675,00 | 89.141,00 | 4.325,00 |
| **424-поправки и тековно одржување** | 2.240.000,00 | 2.220.164,00 | 565.696,00 | 19.836,00 |
| **425-договорни услуги** | 1.700.000,00 | 1.659.259,00 | 239.870,00 | 40.741,00 |
| **426-други тековни расходи** | 450.000,00 | 393.311,00 | 95.662,00 | 56.689,00 |
| **464-разни трансфери** | 60.000,00 | 57.968,00 | 27.968,00 | 2.032,00 |
| **465-исплата по извршни исправи** | 142.000,00 | 141.168,00 | 0 | 832,00 |
| **480-купување на опрема и машини** | 421.000,00 | 232.456,00 | 0 | 188.544,00 |
| **483-купување на мебел** | 104.000,00 | 69.312,00 | 39.576,00 | 34.688,00 |
| **485-вложување и нефинансиски средства** | 2.926.000,00 | 2.925.160,00 | 0 | 840,00 |
| ВКУПНО | 40.261.000,00 | 39.294.469,00 | 3.721.928,00 | 966.531,00 |

*Табела 7. Реализацијата на буџетот на Агенцијата*